ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ
СКОПЈЕ
20-10-2020
03 | 17281

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Скопје 1 Скопје 2**
**ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4**
**тел. 02 3111 533**

**Образец бр.66**

**И.бр.2664/2019**

Извршителот Весна Деловска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ХАЛК БАНКА АД Скопје со ЕДБ 4030993162028 и седиште на бул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа – Нотарски акт – Договор за хипотека ОДУ бр[redacted] против **должникот** [redacted] и вредност [redacted] за спроведување на извршување во [redacted] во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплатата на ден 19.10.2020 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како стан сопственост на должникот Трговско друштво за производство, промет и услуги ФАЛКОН ТРАВЕЛ ДООЕЛ Битола правен следбеник на ФАЛКОН ТРАВЕЛ ДООЕЛ Скопје - во стечај запишана на **ИЛ бр.42496 КО Кисела Вода 2** при Агенција за Катастар на РМ – Центар за катастар на недвижности – Скопје со следниве ознаки:

-КП 302, дел 14, адреса В.Комаров 18-В/1/3, бр.на зграда 1, нам.на зграда А2, влез 01, кат 01, број 03, нам.на посебен дел СТ со површина 44 м2;

-КП 302, дел 14, адреса В.Комаров 18-В/1/3, бр.на зграда 1, нам.на зграда А2, влез 01, кат ПО, број 15, нам.на посебен дел П со површина 7 м2;

Продажбата ќе се одржи на ден **09.11.2020 година** во **11:00 часот** во просториите на Извршител Весна Деловска од Скопје ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4 Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок за утврдување на вредност од 29.09.2020 година со И.бр.2664/2019 на извршителот Весна Деловска од Скопје, изнесува **44.065,00 евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености

-право на залог (хипотека) во корист на доверителот Халк Банка АД Скопје и Налог за извршување врз недвижност чл.166 од ЗИ И.бр.2664/2019 од 27.12.2019 на Извршител Весна Деловска.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250001002663794 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД и даночен број МК5080010500763.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**

Д.-на: -Доверител
-Должник, преку стечаен управител
-Град Скопје – Сектор за финансии – Одд. за наплата на даноци, такси и др. надоместоци
-Архива на Извршител

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.